Врз основа на член 20 од Статутот на АД Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, Управниот одбор на состанокот одржан на 30.11.2009 година донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Декларација за општествена одговорност на АД ЕЛЕМ-Скопје**

1.Се усвојува Декларација за општествена одговорност на АД Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје.

2.Составен дел на оваа Одлука е Декларацијата за општествена одговорност на АД Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје.

3. Се овластува Генералниот директор да формира Комисија која ќе ја спроведува Декларацијата од точка 1 од оваа Одлука.

4. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**УО бр.02-5327/89/5**
**30.11.2009 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Влатко Чингоски**

Примарната цел на **АД Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје**, покрај континуираното и стабилно производство на електрична енергија, е и изнаоѓање на нови извори на енергија и подобрување на еколошката свест. Електричната енергија е еден од најважните фактори за економскиот развој на една земја. За таа цел, во АД Електрани на Македонија, постојано се стреми за ефикасно и економски оправдано искористување на разновидните природни богатства и ресурси со кои располага нашата земја. Едновремено, АД Електрани на Македонија, е општествено одговорна компанија која покрај својата основна економска цел – производство на електрична енергија, својот производен успех го смета како нераздвоен дел од развојот на целокупната општествена заедница во рамките на која стопанисува.

Во насока на остварување на овие цели, АД Електрани на Македонија, ја донесува следната

# Декларација за општествена одговорност

# на АД ЕЛЕМ-Скопје

**АД Електрани на Македонија** како општествено одговорна организација води грижа во рамките на своите можности и надлежности за развојот на економските и општествени дејности како неопходен предуслов за раст и развој на државата, подобрување на животниот стандард на сите граѓани и унапредување на животната средина.

**АД Електрани на Македонија** има за цел да се грижи за обезбедување на транспарентност во работењето, разумно и продуктивно трошење на средствата и добрата, инвестирање во стручни кадри, заштита на животната средина, обезбедување на најразновидна помош за достигнување на висок степен на квалитетно работење, се грижи директно или индиректно за развојот на духот и грижа за здравјето, првенствено на своите вработени, како и за целокупното население во земјава, пред се на децата, преку создавање на здрава работна средина и грижата за животната средина.

**АД ЕЛЕМ Скопје**

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ СКОПЈЕ

## Остварување на целите од Декларацијата за општествена одговорност на АД ЕЛЕМ Скопје

За остварување на овие цели секоја година, почнувајќи од 2010 година, АД Електрани на Македонија, во рамките на сопствените расположливи финансиски средства, како дел од Финансискиот план за работа за секоја фискална година, ќе обезбедува и резервира финансиски средства за реализација на конкретни проекти кои ќе бидат одобрени врз основа на основните постулати на Декларацијата за општествена одговорност на компанијата и ќе бидат реализирани со афирмација и одобрување на органите и телата на АД Електрани на Македонија.

Вкупната сума не смее да ја надмине вредноста од 0,25 % од планираниот годишен приход од работата на компанијата, но не повеќе од 30 милиони денари на годишно ниво. Оваа сума не мора да биде потрошена во целост доколку квалитетот и намената на апликациите не соодветствува на целите и заложбите дефинирани со Декларацијата.

Заради остварување на транспареност во работата и доделувањето на финансиските средства на сите заинтересирани правни и физички лица, асоцијации, здруженија на граѓани, невладини организации и сл., двапати во годината Управниот Одбор на АД Електрани на Македонија во месец јануари и во месец јули ќе објавува јавен оглас за доставување на апликации од сите заинтересирани за користење на овие финансиски средства. Во случај да се работи за проектите кои се од исклучително значење за државата, АД Електрани на Македонија ќе поднесе барање за добивање на согласност од Министерството за Правда.

Секој корисник на овие средства ќе биде должен после реализацијата на проектот финансиран преку овој начин да достави извештај за реализација на проектот.

Согласно зацртаните цели и заложби на АД Електрани на Македонија предвидено е да се одобрува помош во реализација на конкретни проекти од следните области:

- Здравствена заштита на населението и подобрување на услови за живот и обезбедување на здрава животна средина
- Подобрување на работната способност и заштита на здравјето и сигурноста на вработените преку создавање на здрава работна средина

- Подршка и помош за културата, заштита на културно историските вредности на Република Македонија, уметноста и заштита на културното наследство

- Подршка и помош на културните и спортските активности и манефестации во функција на поголема промоција на Република Македонија и сите нејзини граѓани, пред се на меѓународно ниво

- Подршка на образованието преку едукација на млади луѓе во соработка со Универзитетите и училиштата преку овозможување на практична работа и стручно усовршување

- Поддршка, привлекување и насочување на најдобрите студенти во областите на енергетиката, машинството, рударството, градежништвото и нови технологии

- Воспоставување на традиција за доделување на награди за најдобри студенти од факултети сродни на основната дејност на АД ЕЛЕМ, како и нивно евентуално ангажирање во рамките на работните процеси во компанијата

- Зачувување и унапредување на природните ресурси околу објектите на АД ЕЛЕМ и заштита на животната средина во целост низ земјава

- Помагање на стручни, научни и професионални здруженија и лица од дејностите сврзани со работењето на АД Електрани на Македонија, во нивната секојдневна работа, а особено во организирање на меѓународни советувања, симпозиуми или друг вид на стручни собири и размена на знаења

- Помагање за развој на инфраструктурата во близината на производните капацитети на АД ЕЛЕМ

- Други проекти и активности во соглкасност со Декларацијата за општествена одговорност.

**АД ЕЛЕМ Скопје**

Акционерско друштво за производство на електрична енергија во државна сопственост ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Врз основа на член 20 од Статутот на АД Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, Управниот одбор на состанокот одржан на 22.01.2010 година донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Правила и критериуми за доделување на средства во врска со Декларацијата за општествена одговорост**

1. Се усвојуваат Правилата и критериумите за доделување на средства во врска со Декларацијата за општествена одговорост.

2. Составен дел на оваа Одлука се Правилата и критериумите за доделување на средства во врска со Декларацијата за општествена одговорост

3. Се задолжува Секторот за правни и општи работи Правилата од точка 1 од оваа Одлука да ги достави до Надзорниот одбор на АД ЕЛЕМ-Скопје на разгледување и одобрување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**УО бр.02-238/94/12**
**22.01.2010 година**
**Скопје,**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Д-р Влатко Чингоски**

Согласно Одлуката за усвојување на Декларација за општествена одговорност на АД ЕЛЕМ-Скопје УО бр.02-5327/89/5 од 30.11.2009 година, Управниот одбор на АД ЕЛЕМ –Скопје ги донесува следните правила и критериуми за доделување на средства за периодот Јануари – Јуни 2010 година:

## ПРАВИЛА И КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ВО ВРСКА СО ДЕКЛАРАЦИЈАТА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

### 1. ПРАВИЛА

**1.1.** Вкупната сума на финансиските средства што ќе се издвојуваат за спроведување на Декларација за општествена одговорност на АД ЕЛЕМ-Скопје не смее да ја надмине вредноста од 0,25 % од остварениот годишен приход од работата на компанијата во претходната година, но не повеќе од 30 милиони денари на годишно ниво. Издвоениот износ на средства не мора да биде потрошена во целост, доколку квалитетот и намената на апликациите не соодветствуваат на целите и заложбите дефинирани со Декларацијата. Средства ќе се издвојуваат за спроведување на Декларација за општествена одговорност на АД ЕЛЕМ-Скопје во наредната финансиска година само доколку АД ЕЛЕМ-Скопје ја заврши претходната финансиска година со позитивна добивка.

**1.2.** Средствата ќе се обезбедат во вид на финансиски средства – спонзорства, донации и сл. и во вид на услуги / материјали обезбедени од страна на АД ЕЛЕМ преку своите подружници и ДООЕЛ-и (хотелско ресторантски услуги, градежно занатски услуги, транспортни услуги, услуги од механизација, материјали и сл.)

**1.3.** Доделувањето на средствата ќе се врши по претходно објавување на Јавен Повик кој ќе се објавува во дневните средства за јавно информирање и на интернет страната на АД ЕЛЕМ-Скопје.

**1.4.** Заради природата на својата дејност, АД ЕЛЕМ-Скопје својата општествена одговорност ќе ја врши транспарентно кон целото македонско опшество но, при тоа ќе ги има во предвид и географската лоцираност, големината и влијанието на своите производствени капацитети на поблиската околина заради поефикасно искористување на алоцираните средства.

**1.5.** Спроведувањето на постапката-подготовка на оглас, прибирање на апликации, селекција на апликации со предлог за избор на најдобри апликации по области и со вредности, ќе го врши Комисија која ќе биде основана со решение од страна на Генералниот Директор.

**1.6.** Отворањето и оценувањето на апликациите ќе се врши без присуство на апликантите.

**1.7.** Конечната Одлука за избор на апликанти и висината на средствата кои ќе им се доделат донесува Управниот одбор на АД ЕЛЕМ-Скопје.

**1.8.** При утврдувањето на апликанти на кои ќе им се доделат средства, Комисијата од точката 1.5 и Управниот одбор на АД ЕЛЕМ- Скопје ќе се раководат од највисоките етички стандарди, а содржината и прилозите на апликациите ќе имаат третман на доверливост, освен во случаите предвидени со закон.

**1.9.** Право да аплицираат за средства имаат сите домашни, физички, правни лица или друг вид на организации (НВО, спортски друштва и манифестации, културни друштва и манифестации, здруженија, религиозни заедници и сл.).

**1.10.** Секој апликант доставува само една апликација во една област.

**1.11.** Најстрого се забранува дискриминација кон апликантите на било која основа.

**1.12.** Области за кои ќе се доделуваат средства и за кои може да се аплицира се:

1.12.1. Здравство и здравствена заштита
1.12.2. Социјална заштита
1.12.3. Спорт
1.12.4. Екологија
1.12.5. Култура и уметност
1.12.6. Образование и наука
1.12.7. Развој на цивилно општество
1.12.8. Подршка на религиозните заедници

**1.13.** За исходот од Јавниот Повик се известуваат сите апликанти.

**1.14.** Секој апликант кој ќе добие средства е обврзан, средствата да ги користи исклучиво за целите за кои му се доделени, а по завршување на активностите за кои средствата се доделени до АД ЕЛЕМ да достави извештај за искористеноста на средствата.

**1.15.** Секој апликант е должен да ја чува кај себе документацијата во врска со доделените средства 5 години од моментот на доделување на средства.

**1.16.** Секој апликант кој ќе добие средства, е обврзан на адекватен начин, во областа во која делува како и кон пошироката општествена заедница да го промовира АД ЕЛЕМ како општествено одговорна компанија, а за што ќе има посебни состаноци со секторот за односи со јавност на АД ЕЛЕМ-Скопје.

**1.17.** АД ЕЛЕМ-Скопје го задржува правото да изврши евалуација по случаен избор на апликантите корисници на средства од АД ЕЛЕМ, за тоа дали средствата се искористени за исполнување на целите наведени во апликацијата на апликантот.

## 2. Критериуми

**2.1.** Средствата ќе се распределуваат подеднакво во сите области, под услов, да има доволен и квалитетен број на апликации во секоја област.

**2.2.** Во случај да нема доволен и квалитетен број на апликации, можно е префрлање на средства од една област во друга.

**2.3.** Распределбата на средствата ќе се врши исклучиво според следните критериуми:

2.3.1. квалитетот на апликацијата (идејата, целите и очекуваните резултати на проектот).

2.3.2. при еднакви или приближно еднакви апликации, приоритетност ќе се даде според поклопеноста во регионална припадност на апликантот и некоја од подружниците на АД ЕЛЕМ-Скопје.

**АД ЕЛЕМ-Скопје**